ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 09-1669/1
20.06.2025

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002), член 49 од Статутот на Општина Македонска Каменица („Службен гласник на Општина Македонска Каменица бр.20/19, 38/20, 33/24), Програма за активностите на Општина Македонска Каменица во областа на социјалната заштита во 2025 година бр.08-1604/1 од 16.06.2025, Градоначалникот на Општина Македонска Каменица донесе:

П Р А В И Л Н И К

За остварување на право на еднократна парична помош на лица со попреченост од Општина Македонска Каменица

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат правото, условите, начинот и постапката за остварување на право на еднократна парична помош на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица.

Член 2

Општина Македонска Каменица еднаш годишно доделува еднократна парична помош на лица со попреченост од Македонска Каменица, доколку во Буџетот на Општината се предвидени средства за таа намена за буџетската година .

Член 3

Висината на еднократната парична помош на лица со попреченост од Македонска Каменица се утврдува во еднаков износ за сите барателi соодветно на предвидените средства во Буџетот и зависно од бројот на поднесени барања кои ги исполнуваат предвидените услови.

ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ

Член 4

Правото на користење на еднократна парична помош на лица со попреченост можат да го остварат следните категории на лица односно нивните семејства, жители на Општина Македонска Каменица :

-Лица со интелектуална попреченост (лесна, умерена, тешка и длабока);

-Лица со телесна попреченост (тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој);

-Лица со најтешки облици на хронични заболувања со присутни оштетувања и лимитирани активности (корисници на посебен додаток на возраст до 26 години);

-Аутизам;

-Потполно отсуство на говорот, тешко оштетен говор, лица со изгубен или оштетен порано стекнат говор;

-Потполно слепо лице ;

-Потполно глуво лице;

-Лица со ретки болести.

Правото на користење на еднократна парична помош го остваруваат лицата со вродена попреченост и попреченост стекната на рана возраст од животот, што се утврдува од веродостојна медицинска документација.

Член 5

Лицата со попреченост односно нивните семејства кои ги исполнуваат условите од член 4 на овој Правилник потребно е до Општина Македонска Каменица да ги достават следните документи:

-Барање за остварување на правото на еднократна парична помош чиј составен дел е изјава за користење на лични податоци;

-Фотокопија од важечка лична карта како доказ за жител на Македонска Каменица;

-Фотокопија од извод од матичната книга на родени односно венчани, како доказ за сродство;

-Наод и мислење за оцена на видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лицата со попреченост;

- Наод и мислење од Службата за функционална проценка (МКФ);

-Потврда дека лицето остварува право на надоместок заради попреченост врз основа на конзилијарно мислење;

-Веродостојна медицинска документација со која се утврдува исполнувањето на бараните услови од член 4 на овој Правилник.

-Фотокопија од трансакциска сметка.

Член 6

Доколку во семејството има две или повеќе лица со попреченост кои ги исполнуваат бараните услови правото на еднократна парична помош го остварува секое лице поединечно, односно се доставуваат поединечни барања за секое лице со комплетна документација.

НАЧИН И ПОСТАПКА

Член 7

Општина Македонска Каменица објавува Јавен повик за еднократна парична помош врз основа на кој се поднесуваат барањата.

Рокот за поднесување на барањата изнесува 15 дена сметано од денот на објавување на Јавниот повик.

Поднесените барања од член 5 на овој Правилник ги разгледува Комисија која утврдува дали барањата се комплетни и дали барателите ги исполнуваат предвидените услови.

Комисијата ја формира Градоначалникот со посебно решение и истата брои три члена од кои, еден член од општинската администрација и двајца членови од Советот на Општина Македонска Каменица.

Член 8

(1) Комисијата работи во полн состав и изготвува записник за секој предмет.

(2) Врз основа на изготвените записници комисијата изготвува предлози и ги доставува до Градоначалникот за понатамошно постапување и донесување одлука.

Член 9

Одобрените средства на име еднократна парична помош на лица со попреченост ќе бидата исплатени од Буџетот на Општина Македонска Каменица, Програма А0 ставка 471 потставка 471410 – Помош за лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој Правилник влегува во сила и се применува со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонска Каменица.

Член 11

Правилникот може да се менува и дополнува на начин и во постапка како што е донесен.

Со донесувањето на овој Правилник престануваат да важат Правилник за начинот на остварување на право на еднократна парична помош на лица со попреченост кои живеат на територијата на Општина Македонска Каменица бр.08-1901/1 од 27.09.2023 година и Одлука од Совет бр.08-1410/1 од 22.05.2025 година.

Бр.09-1669/1
20.06.2025 година.

Општина Македонска Каменица
Градоначалник,
Димче Атанасовски

Раководител на Одделение за правни
и општи работи и јавни дејности
Анета Темчева